Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НП како НПМ) на 26.07.2012 година спроведе посета на Прифатниот Центар за странци (во натамошниот текст центар) на Министерството за внатрешни работи лоциран во Скопје. Посетата започна во 09:20 часот и заврши во 14:15 часот (вкупно времетраење на посетата од 4 часа и 55 минути).

Целта на посетата согласно Факултативниот протокол беше идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во Центарот за странци, постапувањето со оваа категорија на лица, заштитата и остварувањето на правата загарантирани со Законот за странците и други меѓународни и домашни правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со овие лица.

Посетата на центарот се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам на почетокот од посетата, а во отсуство на директорот на центарот, разговараше со одговорните лица присутни во центарот (полициски иснпектор за странци и социјален работник), а потоа направи увид во сместувачките капацитети (Павиљон 1 и Павиљон 2), собата за изолација (карантин), заедничките простории, санитарните чворови и тушевите, амбулантата, магацинот за багаж, просторијата за личен претрес, дежурната канцеларија на полициските службеници и други простории.

При посетата беше спроведен доврелив разговор со единственото лице странски државјанин кое во моментот на посетата беше сместено во центарот, а кое беше задоволно од односот и постапувањето со него од страна на службите во Прифатниот Центар. На лицето му биле обезбедени основни средства за лична хигиена и истото немаше поплаки во делот на исхраната. НП како НПМ оствари средба и разговор со неколку вработени во службата за обезбедување на центарот (униформирани полициски службеници) кои во моментот на посетата беа на своите работни места.

Во Павиљонот 1, во кој се сместуваат посебно ранливи категории на странски државјани, на соодветно место беше објавен Куќниот ред на Прифатниот центар на англиски јазик. Со колективното сместување во овој павиљон НПМ смета дека не се исполнуваат меѓународните посакувани стандарди за површина по лице лишено од слобода, поточно површината е помала од $4m^2$ по лице сместено во просторијата, ниту пак во целост се остварува правото на приватност на лицата тука сместени. Во Павиљон 2 собите беа во процес на реновирање, поточно се опремуваа со нови подни плочки, нов плафон со систем за осветлување, некои од прозорите се заменуваат со нови, а ѕидовите беа уредно варосани.

Во просторијата за изолација / карантин НПМ утврди дека ниту еден од креветите не беше фиксиран за подот, со што смета дека не се исполнети безбедносно-заштитните стандарди, а лицето тука сместено, во зависност од психо-физичката состојба пред и за времетраење на изолацијата, лесно може да се само/повреди.

Примарната здравствена заштита се одвива во кругот на центарот со што на пациентите им се олеснува пристапот до лекар, а амбулантната соба опремена со

посебна аптека во која соодветно се чуваат и складираат лекарствата. Сепак, лицето со кое НПМ разговараше не било прегледано од страна на лекар по приемот во Центарот – НПМ смета дека ваквата ситуација претставува пропуст на службите имајќи предвид дека заради оценка на здравствената состојба, согласно постојните прописи, лицето морало да биде првично прегледано од лекар при приемот во центарот.

Во Книгата на дневни настани, при увидот НПМ утврди дека уредно, редовно и ажурно се внесуваат и заведуваат настаните. Во дел од евиденцијата се користи коректор за бришење на погрешно внесените податоци. Во Прифатниот Центар за странци не се води посебен Регистар за употреба на средства на присилба.

НПМ упати препорака до МВР за измена на неколку членови од Правилникот за Куќниот ред на Прифатниот центар за странци, а воедно побара и да се развијат програми за психо-социјална помош, како и програми за превенција од самоповредување. НПМ смета дека треба да се зголемат дневните рекреативни активности за лицата сместени во центарот.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Прифатниот центар и Министерството за внатрешни работи со цел елиминирање на откриените недостатоци.